**ЗАПИСНИК**
**од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.04.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Симе Златески, м-р Горјан Шеќеринов**.**

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 17-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:15 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2020 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јануари до 31 март 2020 година.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.
4. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2020 година.

Г-дин Фиданоски имаше забелешка на страна 3 од записникот, трети ред, и предложи зборовите „и кој“ да се избришат и реченицата да продолжи понатаму онака као што е запишана. Втората забелешка беше да се додаде зборот „го“ и реченицата да гласи „Агенцијата да си дозволи да го даде на радиодифузерот..“ за да се добие контекстот како што треба. Во истиот пасус ред 8-ми предложи зборот „започнат“ да се замени со зборот „почнат“ и во истиот пасус, во предпоследниот ред зборот „одолжи“ да се замени со „оддолжи“.

Г-дин Петрушевски рече дека овие лингвистички технички корекции за него се прифатливи.

Г-дин Трајчев имаше забелешка на страна 16 во предпоследниот пасус, 4-ти ред и предложи наместо „дозволен или преуранет“ да се замени со „дозволен односно преуранет“, бидејќи ако измеѓу овие два збора стои „или’ ќе се изгуби контекстот на реченицата. Потоа истото да се измени во истиот пасус во 5-от ред од доле и да гласи „Доколку е не дозволен како приговор односно преуранет“, на страна 15 во претпоследен пасус во 10-ти ред, „или“ треба да се замени со „односно“ и во истиот пасус 3-ти ред да стои „е преуранет односно е недозволен“. Објасни дека кога се говори во рамки на алтернативно кажано треба да се стави во заграда затоа што тоа е иста работа или да се додаде зборот „односно“ за да ги појасни работите.

Г-дин Петрушевски рече дека ова се технички забелешки како на г-дин Фиданоски и сите се прифатливи.

Советот на Агенцијата со предложените технички корекции од г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев, едногласно го усвои Записникот од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски даде краток вовед во квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јануари до 31 март 2020 година. Започна со финансискиот извештај за кој што рече дека е релативно краток заради ситуацијата во која се наоѓа државата. Во првиот квартал од планираните расходи се реализирани 14.575.156,00 денари и тоа е релативно мал износ кој се должи на епидемијата и намалениот обем на активности во смисла на финансиски трансакциски како обврски што ги има Агенцијата во овој период. Добро е што во делот на приходите за овој квартал во потполност се исполнети очекувањата и повеќе од една четвртина од планираните приходи се реализирани за првиот квартал за 2020 година. Што се однесува до останатиот дел од извештајот голем дел од активностите на Агенцијата на почетокот на оваа година беа насочени кон подготовка и создавање на услови за спроведување на изборниот мониторинг на радиодифузерите. Заради измените на Законот којшто беа

донесени ден по распуштање на парламентот изработени се промени кои беа предизвикани заради измената во Изборниот законик во Методологијата во насока на подобрување на медиумското изборно покривање на изборите како и во други два подзаконски акти кои се однесуваат на начинот на доставување на снимките до Агенцијата и поделба на платеното политичко рекламирање. Но заради воведувањето на вонредната состојба овие подзаконски акти односно упатства и Методологијата не беа усвоени од страна на Советот и ќе бидат усвоени веднаш по прекинување на вонредната состојба. Беше отворена и јавна расправа по овие документи, забелешки нема доставено и во предлог верзија ќе бидат доставени до Советот веднаш по завршување на вонредната состојба. Во овој период исто така беа спроведувани надзори врз радиодифузерите и кабелските оператори. Голем дел од седниците на Советот и активностите на Агенцијата во овој период беа насочени околу делот на барањето на Канал 77 за спроведување на надзор врз ЈОН РАДИО и исполнување на обврската од страна на ЈОН РАДИО дали има покриеност од најмалку 80% на населението од државата со сигнал. За среќа сите овие активности завршија со тоа што се констатира согласно дописите од Агенцијата за електронски комуникации дека радиото ги исполнува законските обврски односно обврските кои му се наложени согласно дозволата за радио емитување. Заради состојбата во која се најде државата посебно за медиумите за кои Агенцијата е регулатор, Советот на крајот на март, на 25 март донесе одлука да донира 105 милиони денари, односно 103 милиони денари на комерцијалните радиодифузери и јавниот сервис, и по еден милион денари на Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи. Објасни дека на почетокот на април оваа година иако не влегува во овој квартал дополнително се донираа уште 3 милиони денари на регионалниот радиодифузер ТВ ВИС од Струмица заради пожарот кој ги зафати неговите простории и беше уништена опремата од каде што овој радиодифузер ја емитуваше програмата. Сите останати информации за активности во делот на медиумската писменост, меѓународната активност, евроинтеграциите се вклучени во извештаојот.

Г-дин Фиданоски постави три прашања до г-дин Трајчевски. Прво дали и колку радиодифузери ја искористиле можноста да ја примат донацијата што Агенцијата и Советот им ја доделија и колку договори за донација се потпишани од нивна страна. За второто прашање рече колку што успеал да следи на една од седниците на Владата донесена е Уредба со законска сила со која и натаму важат одредбите како што беа пред измената а се однесуваат на ЗААВМУ за регистрацијата на кабелските оператори односно за законски застапник. Тоа е во врска со она што Советот го замрзна како јавна расправа за носење на подзаконските акти и ако има повеќе информации побара да ги соопшти на Советот. Трето прашање беше поврзано со страна 24 и страна 25 од вкупниот материјал, каде што се вели дека има претставка од Епископ стобиски и администратор струмички Давид (Нинов) за спроведување на вонреден програмски надзор за емисијата „Само вистина" емитувана на ТВ Канал 5 на 26 февруари. Колку што се сеќава тој во таа емисија беше гостин и побара подетална информација за што се однесува преставката и за што конкретно се пожалил?

Г-дин Трајчевски во однос на договорите за донација објасни дека освен еден радиодифузер ТВ Морис од Охрид сите останати радиодифузери ги потпишаа договорите. Има процедура, се праќаа договорите во Министерство за правда а Министерство за правда бара мислење од Министерство за информатичко општество. На

преку 90% од радиодифузерите е дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и им се исплатени парите. Со тоа остануваат уште 15-16 радиодифузери за кои треба да се добие мислењето од Министрството за правда и да им се исплатат пари. Од останатите 15-16 радиодифузери едната е ТВ Сонце но причината зошто толку доцна е пратен договорот е затоа што нивниот управител одреден период беше во самоизолација и не беше во можност да го потпише договорот и затоа подоцна го потпиша. Од поголемите медиуми тука е и ТВ Ирис за кој исто управителот беше во самоизолација и не беше во можност да го потпише договорот. На барање на ТВ Сонце и ТВ Ирис подоцна се потпишаа договорите а сите останати радиодифузери се мали локални радиодифузери. ТВ Морис одби да го потпише договорот бидејќи имаа барање наместо донацијата која требаше да биде исплатена на сметката на радиодифузерот, бараа средствата да бидат исплатени на трансакциската сметка на сопственикот бидејќи сметката им била блокирана. Но тоа е спротивно на Закон и бидејќи такво нешто не можеше Агенцијата да одобри тој самиот достави допис до Агенцијата дека не сака да ги прими средствата за донација. Што се однесува до Уредбата која ја донесе Владата со законска сила во однос на член 143 од ЗААВМУ, со уредбата на Владата се потврдува ставот на Агенцијата дека со измените на Законот кои беа усвоени непосредно пред распуштање на Парламенот заради тоа што не се ставени преодни и завршни одредби е невозможно во период до донесување на подзаконските акти да се врши регистрација на странските програмски сервиси а согласно Правилникот на Агенцијата односно согласно Законот пред да биде донесена измената. На овој начин Владата со уредбата додаде преодни и завршни одредби односно кажа до донесување на подзаконските акти од страна на Советот на Агенцијата ќе се применуваат одредбите од Правилникот со кој се дефинира начинот на процедурата на регистрација на програмските сервиси. Согласно Законот кој што важеше пред измената а согласно истата уредба до траење на вонредната состојба Советот на Агенцијата нема да ги носи подзаконските акти. Во однос на претставката на свештеното лице Епископ стобиски и администратор струмички Давид објасни дека таа се однесува на тоа што според него било прекинато неговото гостување на ТВ Канал 5. Секторот за програмски работи направи програмски надзор и не констатира прекршување на одредбите од ЗААВМУ. Извештајот од надзорот е доставен и до членовите на Советот, објавен е на веб страната и може да се прочита и исто така известен е и подносителот на претставката.

Г-дин Петрушевски рече дека сака да каже нешто во врска со неговата дилема. Во месеците за кои разговараат имаа еден голем проблем од претходната година. Тоа беше проблемот со ЈОН РАДИО за кое мисли дека се разреши но не мисли дека проблемот е завршен. Смета дека нападите врз Агенцијата ќе продолжат за овој случај и секако нападите врз вработените, врз директорот и врз Советот кои не се единствени и не се поврзани само за ова радио. Тие се случуваат повеќе години. Врвот на нападите е напишан и во самиот ЗААВМУ каде што се кажува дека главна реформа со Законот ќе биде промена на Советот. И во воведот, во описот на Законот се кажува дека овој Совет е политизиран, непрофесионален итн. Мисли дека и судбината на ова радио е злоупотребена за политички цели од надвор, за напади врз Агенцијата, се бараат од страна на поединци од надвор запирки и мали недоречености во Законот или грешки за да бидат нападнати Стручната служба, директорот. Донацијата која се даде за сите радија и телевизии во Македонија е одличен одговор за сите овие неосновани напади. Ако Агенцијата не работела одговорно и професионално немаше да биде во можност да

ги донира 1,7 милиони евра кои се огромни за институција од големина на Агенцијата. Нападите се во најголем дел од надвор, во помал обем се од внатре. Тој е убеден дека ако дојде до судски процес најмалку 6 члена ќе бидат вовлечени во овој судски процес така да сите се вовлечени во ова сакале или не. Искрено верува дека она што го направиле било голема работа и навистина се гордее со сите нив што ова радио работи. Исто така рече дека непосредно после овој период Владата донесе уредба поврзана со член 143 од ЗААВМУ. Во таа Уредба се покажа дека Агенцијата цело време била во право кога кажувала на штетноста на претходните решенија на ЗААВМУ. Ова е само негова дилема, во голема мерка е убеден во точноста дека неосновани се нападите од надвор, имаат мали напади од внатре но наредниот период ќе покаже колку биле во право.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски во врска со предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата рече дека станува збор за редовна набавка. Во текот на месец мај истекува договорот што го има Агенцијата со тековниот оператор што ја врши оваа услуга. Одржувањето на хигиената се однесува на 5-те спрата на зградата, приземјето и двата подрумски дела -1 и -2 кои ги користи Агенцијата, но не и за просториите кои ги користи Агенцијата за млади и спорт.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е стандардна набавка и сите потребни информации се во материјалите. Советот треба да ја одобри или да не ја одобри набавката.

Г-дин Фиданоски рече дека е апсолутно сигурен дека треба да се даде одобрување на набавката а посебно заради ситуацијата во која се наоѓаме ние и светот предизвикана од корона вирусот. Здравствени безбедносни мерки треба да бидат засилени насекаде во сите институции така што и ова е тој дел кој што мора да го поддржат за да хигиенските услови бидат на високо ниво. Дополнително, не знае каква е проценката и на останатите колеги и на директорот г-дин Трајчевски, но веќе во средината на мај најдоцна смета дека Советот ќе се врати на старите позиции во објектот за да одржуваат седници и ќе учествуваат најдиректно во работата како и службата која во најголем дел доаѓа на работа. Од тие причини заради бројката на луѓе која ќе биде присутна и е присутна во зградата овие хигиенски услови треба да биде секогаш оддржливи на високо ниво а оваа набавка е повеќе од неопходна и затоа ќе ја поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/3 од 02.04.2020 година, а средствата се

обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1935/3**
**06.05.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**